Ус-300/19

УЖ-3.бр.988/2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ ... SHKUP

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот и судиите Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Државна комисија за жалби по јавни набавки, изјавена преку Државен правобранител за подрачје Скопје, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.394/2018 од 21.03.2019 година, за јавна набавка, на седница на советот одржана на ден 14.09.2020 година, донесе:

ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AVOKATURA SHTETËRORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: Pranuar më: 02-10-2020

П Р Е С У Д А

Жалбата на Државна комисија за жалби по јавни набавки, поднесена преку Државен правобранител за подрачје Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.394/2018 од 21.03.2019 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.394/2018 од 21.03.2019 година, ја уважил тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ДУНА ДОО експорт-импорт од Скопје, поднесена против Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-75/70 од 07.02.2018 година и истото го поништил.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган, поради суштествена повреда на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата да се преиначи, тужбата да се одбие како неоснована и оспореното решение да се потврди.

Вишиот управен суд, по проучување на списите на предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Од списите во предметот се утврди дека договорниот орган Агенција за катастар на недвижности Скопје спровел постапка по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.70/2017

за набавка на услуги - услуги за фотокопирање (изнајмување на фотокопир апарати) по што донел Одлука за избор на најповолен понудувач бр.1034-10/3 од 18.01.2018 година со која за најповолна понуда била избира понудата на понудувачот Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги СТЕРНА ДОО увоз-извоз од Скопје.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолен понудвач тужителот поднел жалба до Државна комисија за жалби по јавни набавки, која постапувајќи по истата донела Решение бр.08-75/70 од 07.02.2018 година со кое жалбата ја одбила како неоснована.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ДУНА ДОО експорт-импорт од Скопје против Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-75/70 од 07.02.2018 година, донел Пресуда У-5.бр.545/17 од 01.06.2017 година со која истата ја уважил и оспореното решение го поништил.

Вишиот управен суд најде дека побиваната пресуда на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 10 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 145/2015), јавниот орган треба да ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка.

Согласно член 212 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 27/16), подносителот на жалбата е должен да приложи и доказ за уплата на надомест за водење на постапката.

Согласно член 220 став 1 алинеја 2 од истиот закон, во постапката за правна заштита Државната комисија може да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуреденост, ненавременост, поради тоа што е изјавена од неовластени лица и во случај на неисполнување на обврската од членот 212 став (2) на овој закон.

Вишиот управен суд утврди дека Управниот суд правилно заклучил кога прифатил дека во конкретниот случај Управниот суд правилно утврдил дека тужениот орган погрешно постапил кога со оспореното решение ја отфрлил жалбата на сега тужителот неплатена, со образложение дека сега тужителот не постапил согласно член 212 од Законот за јавните набавки, односно дека истиот не доставил доказ за уплата на надомест за водење на постапката. Ваквото образложение на тужениот орган Управниот суд правилно не го прифатил од причина што видно од списите по предметот од страна на тужителот во прилог на жалбата е доставено вирман - доказ за уплата на надомест за водење на постапката во износ од 18.457,00 денари, ова дотолку повеќе што сега тужителот и во прилог на тужбата доставува

извод бр.17 за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 26.01.2018 година, од кој може да се утврди дека сега тужителот има извршено уплата на надомест за водење на постапката во износ од 18.457,00 денари и за административна такса во износ од 250,00 денари. Предвид на погоре наведеното Управниот суд правилно утврдил дека неосновани се наводите на тужениот орган дека тужителот не постапил согласно член 212 од Законот за јавните набавки, односно дека истиот не доставил доказ за уплата на надомест за водење на постапката, поради што жалбата ја отфрлил како неплатена.

При повторното постапување и одлучување тужениот орган ќе треба во целост да постапи согласно напатствијата на овој суд, па со правилно и целосно утврдување на фактичката состојба на работите и согласно цитираната законска регулатива, да донесе правилна и законита одлука.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужениот орган но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд при одлучувањето дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на пресудата, а со кое образложение во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 14.09.2020 година под УЖ-3.бр.988/2019.

Записничар - судски соработник
Милка Стефановска Трпевска с.р

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р

/ЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
IV
SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

...преписот со ...а потврдува
Судски службеник